Јавно претпријатие за стопанисување со државните шуми
Ndërmarrje publike për menaxhimin me pyjet shtetërore
НАЦИОНАЛНИ ШУМИ П.О.
PYJE KOMBËTARE P.P.

Бр./Nr. 03-14/27
04-04-2022 20 год./viti
СКОПЈЕ - SHKUP

Трговско друштво за промет и услуги
БИРОТЕХНИКА-МА ДООЕЛ експорт-импорт
Бр. 02-0302/27
04.04. 2022 год.
Скопје

# ДОГОВОР

1. **ЈП "Национални шуми" Скопје, бул. "Климент Охридски" бр. 68 Скопје** со жиро сметка број 200000026783244, даночен број 4030998338949-Депонент Стопанска банка АД Скопје, претставувано од Директорот Јулиана Николова, во понатамошниот текст: **/ Договорен орган** / и
2. **"БИРОТЕХНИКА-МА" доо Скопје"** бул.АВНОЈ 70/52 1000 Скопје , матичен број 6097294, даночен број 4030006588698, со жиро сметка број 300-000002280603- Депонент Комерцијална Банка АД Скопје, претставувано од Одговорно лице Александар Алексовски во понатамошниот текст: **/ Носител на набавката /**

## I. ПРЕДМЕТ НА ДОГОВОРОТ

Член 1

Предмет на овој договор е набавка **Стоки – Резервни делови и сервисирање на принтери и фотокопири** за **Дел 3 - Резервни делови и сервисирање на принтери Kyocera и Epson** согласно спецификацијата од ТД, за редовни испораки според условите утврдени во поедноставена отворена постапка, спроведена преку ЕСЈН и прифатената понуда – листа на цени на економскиот оператор **" БИРОТЕХНИКА-МА доо Скопје "**.

## II. ВРЕДНОСТ НА ДОГОВОРОТ

Член 2

Вкупната вредност на договорот, односно горната финансиска рамка за реализација на набавката предмет на овој договор е вкупната проценета вредност согласно Одлуката за јавна набавка и истата изнесува за **Дел 3** изнесува **100.000,00** денари без ДДВ или **118.000,00** денари со ДДВ, согласно единечните цени по спроведена е-аукција дадени во листа на цени која е прилог на овој договор и истите се непроменливи за времетраење на договорот.

Договорот не го обврзува договорниот орган да ја изврши целокупната набавка, односно сите предвидени позиции.

## III. НАЧИН НА ПЛАЌАЊЕ

Член 3

Договорните страни се согласни плаќањето на износот од член 2 од овој договор да се изврши на следниот начин: вирмански во рок од 60 дена сметано по извршена набавка и доставена фактура кон која се приложени уредно потпишани испратници**,** преку архивата на Ј.П,,Национални шуми.

Носителот на набавката фактурите заедно со испратниците во два комплета ги доставува во дирекцијата на адреса Ј.П,,Национални шуми, бул. "Климент Охридски" бр. 68 ,Скопје.

## IV. ОБВРСКИ НА НОСИТЕЛОТ НА НАБАВКАТА

Член 4

Носителот на набавката се обврзува да:

- изврши сукцесивна набавка на стоката предмет на овој договор согласно бараните технички спецификации и квалитет од прифатената понуда,
- да се придржува до крајниот рок за доставување на предметот на набавката;
- резервните делови и потрошниот материјал, задолжително да се нови, неупотребувани и оргинални или еквивалентни.
- извршувањето на набавката да одговара на општо прифатените норми, стандарди и гаранции за овој вид на стоки,
- извршувањето на набавката да одговара на бараниот квалитет во техничката спецификација од ТД.
- за направена евентуална штета при изведување на одредена услуга на апаратите од страна на носителот на набавката, истиот е должен да ја надомести истата без да бара паричен надоместок од договорниот орган

## V. КВАЛИТАТИВЕН И КВАНТИТАТИВЕН ПРИЕМ

Член 5

Квалитативен и квантитативен прием врши овластено лице на договорниот орган по документ потпишан од двете страни. Договорниот орган го задржува правото на рекламација при приемот на стоката. Носителот на набавката е должен предметот на набавката да го доставува согласно пропишаните стандарди и гаранции за ваков вид на стоки.

## VI. ГАРАНЦИЈА НА СТОКАТА

Член 6

Носителот на набавката дава гаранција на стоката предмет на овој договор со времетраење од 6 месеци (минимум 6) сметано од денот на извршувањето или во согласност со пропишаното од производителот.

## VII. ГАРАНЦИЈА ЗА ИЗВРШУВАЊЕ НА ДОГОВОРОТ

Член 7

Како гаранција за навремено и квалитетно извршување на превземените обврски согласно одредбите од овој Договор носителот на набавката доставува банкарска гаранција во висина од **10%** од вредноста на договорот со важност до целосно извршување на договорот, односно рокот на важност на Договорот. Гаранцијата за квалитетно и навремено извршување на договорот ќе биде со важност до важноста на Договорот плус 14 дена. За овој вид на набавка истата е со важност од една година и 14 дена од склучување на договорот.

Гаранцијата за извршување на договорот во услови на навремено и квалитетно извршување на Договорот, му се враќа на на носителот на набавката во рок од 14 дена по извршување на договорот.

## VIII. НАЧИН И РОК НА ИСПОРАКА

Член 8

Договорните страни се согласни испораката да биде сукцесивна според потребата на договорниот орган, согласно бараните технички карактеристики дадени во спецификацијата на ТД, по доставено писмено барање според потребата на договорниот орган во текот на важноста на договорот.

<u>Максималното време за отклонување на дефектот, односно промена на дел да биде 10 работни дена од доставување на уредот до сервисниот центар</u>.

Поради специфичноста-потребата од набавка за нормално одвивање на производството кај Договорниот орган, набавката ќе се врши редовно и не ја одложува никаков спор.

Член 9

Носителот на набавката е должен да го извршува предмет на договорот навремено и квалитетно, согласно наведеното во техничката спецификација од тендерската документација и доставената понуда во договореното време и локација согласно взаемно усогласена динамика помеѓу двете договорни страни.

Член 10

Договорните страни се согласни во случај Носителот на набавката да не ги изврши набавките во рокот определен во член 8 од овој договор, истиот е должен да му плати на Договорниот орган договорна казна во висина од 1,00 ‰ (промили) од вкупната вредност определена со член 2 од овој договор, за секој ден на доцнење.

Договорната казна не може да надмине 5% од вкупната цена определена со член 2 од овој договор.

Член 11

Договорниот орган е овластен да го раскине Договорот доколку носителот на набавката изврши промена на понудената цена, не се придржува согласно членовите 4 и 8 или некој друг битен елемент од наведената понуда.

Раскинувањето на договорот се врши со претходна најава во рок кој не може да биде пократок од 15 дена.

Доколку договорот ќе се раскине пред истекот на важноста или пред исполнувањето на обврските по вина на носителот на набавката, договорниот орган ќе ја реализира банкарската гаранција за навремено и квалитетно извршување која носителот на набавката ја доставил.

Носителот на набавката е одговорен за направена штета доколку при раскинување на договорот допринесе до нарушување на текот на производството или друга штета кај договорниот орган.

**IX. ЗАВРШНИ И ОПШТИ ОДРЕДБИ**

Член 12

Договорот се склучува на одредено време за период од една година од денот на склучувањето или до извршување на вредноста на договорот.

За правата и обврските кои не се регулирани со овој договор, а се во врска со неговото исполнување ќе се применува Законот за облигационите односи.

Член 13

Ниту една од договорните страни нема да биде одговорна за неисполнување на обврските од овој Договор до кое би дошло заради Виша сила. Ако една од договорните страни е спречена заради Виша сила должна е во рок од 24 часа писмено да ја извести другата страна, со наведување на причините за Вишата сила и по можност обезбедување на соодветен доказ.

По отстранување на Вишата сила Договорот може да се реализира по потреба со заеднички прифатено дополнување или да се раскине договорно.

Член 14

Договорните страни можат да ги дополнат и/или изменат одредбите од овој договор само спогодбено.

Договорната страна која бара измена и/или дополнување е должна своето барање до другата страна да го достави во писмена форма.

Одредбите од овој договор можат да се изменат и/или дополнат со склучување на Анекс на Договорот.

Член 15

Дополнувањата и измените на овој договор се важечки ако се направени во писмен облик и согласно позитивните законски прописи во Република С.Македонија, како и ЗЈН.

Член 16

Сите евентуални спорови кои би произлегле од овој Договор, а кои договорните страни не би можеле да ги решат спогодбено, ќе ги решава надлежниот суд во Скопје.

Член 17

Овој Договор е составен во 3 (три) еднакви примероци, од кои 2 примероци задржува Договорниот орган, а 1 примерок за Носителот на набавката.

| | |
|---|---|
| Договорен орган, | Носител на набавка, |
| ЈП "Национални шуми" Скопје | "БИРОТЕХНИКА-МА доо Скопје ". |
| Директор, | Управител, |
| Јулиана Николова | Александар Алексовски |
| ________________________ | ________________________ |

НАЦИОНАЛНИ ШУМИ

БИРОТЕХНИКА - МА ДООЕЛ експорт-импорт СКОПЈЕ

Дел 3. Резервни делови и сервисирање на принтери Kyocera и Epson

| р.бр | Производ со минимум карактеристики или еквивалентно | Ед.мерка | Ед.мерка | Вкупна цена без ДДВ совклучена услуга за монтирање изразено во | % на учество | Вкупно по е-аукција | единечна цена по е-аукција |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 1 | 2 | 3 | 4 | 6 | 7 | 8 | 9 |
| 1. Резервни делови со монтажа за Kyocera FS-1120MFP | | | | | | | |
| 1 | DK-1110 Драм | парче | 1 | 3,960.00 | 0.10 | 3,919.38 | **3,919.38** |
| 2 | DV-1110 Девелопер | парче | 1 | 5,500.00 | 0.14 | 5,443.59 | **5,443.59** |
| 3 | WT-1110 Waste Toner | парче | 1 | 1,760.00 | 0.05 | 1,741.95 | **1,741.95** |
| 4 | FK-1110(E) Fuser Kit | парче | 1 | 5,060.00 | 0.13 | 5,008.10 | **5,008.10** |
| 5 | Главна плоча | парче | 1 | 2,750.00 | 0.07 | 2,721.79 | **2,721.79** |
| 6 | Трансфер валјак | парче | 1 | 1,320.00 | 0.03 | 1,306.46 | **1,306.46** |
| 7 | Гумици за повлекување | парче | 1 | 880.00 | 0.02 | 870.97 | **870.97** |
| 8 | Сепарациски гумици | парче | 1 | 1,060.00 | 0.03 | 1,049.13 | **1,049.13** |
| 9 | Ласер | парче | 1 | 2,750.00 | 0.07 | 2,721.79 | **2,721.79** |
| 10 | Сензор за скенер | парче | 1 | 180.00 | 0.00 | 178.15 | **178.15** |
| 11 | Фотосензор | парче | 1 | 180.00 | 0.00 | 178.15 | **178.15** |
| 12 | Флеткабел | парче | 1 | 400.00 | 0.01 | 395.90 | **395.90** |
| 13 | Гумица транспортна | парче | 1 | 660.00 | 0.02 | 653.23 | **653.23** |
| Сервисни услуги | | | | | | | |
| 1 | Дијагностика на дефект | интервенција | 1 | 440.00 | 0.01 | 435.49 | **435.49** |
| 2 | Чистење на уред | интервенција | 1 | 1,100.00 | 0.03 | 1,088.72 | **1,088.72** |
| ВКУПНО ЗА 1. Резервни делови со монтажа и Сервисни услуги за Kyocera | | | | **28,000.00** | | 27,712.82 | |

| р.бр | Код на дел | Производ со минимум карактеристики или еквивалентно | Ед.мерка | Количина | Вкупна цена без ДДВ со вклучена услуга за монтирање изразено во МКД | % на учество | Вкупно по е-аукција | единечна цена по е-аукција |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 7 | 8 | 9 | 10 |
| 2. Резервни делови со монтажа за Epson LX350 | | | | | | | | |
| 1 | F109020 или еквивиалентно | Глава за печатење | парче | 1 | 2,640.00 | 0.07 | 2,612.92 | **2,612.92** |
| 2 | 2140285 или еквивиалентно | Control panel board | парче | 1 | 1,100.00 | 0.03 | 1,088.72 | **1,088.72** |
| 3 | 2143244 или еквивиалентно | Сензор | парче | 1 | 1,100.00 | 0.03 | 1,088.72 | **1,088.72** |
| 4 | 1575476 или еквивиалентно | Механизам (Tractor) | парче | 1 | 2,640.00 | 0.07 | 2,612.92 | **2,612.92** |
| 5 | 1050422 или еквивиалентно | Појас | парче | 1 | 660.00 | 0.02 | 653.23 | **653.23** |
| 6 | 2143247 или еквивиалентно | Мотор | парче | 1 | 1,320.00 | 0.03 | 1,306.46 | **1,306.46** |
| Сервисни услуги | | | | | | | | |
| 1 | Дијагностика на дефект | | интервенција | 1 | 440 | 0.01 | 435.49 | **435.49** |

| | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 2 | Чистење на уред | интервенција | 1 | 1,100.00 | 0.03 | 1,088.72 | **1,088.72** |
| **ВКУПНО ЗА 2. Резервниделови со монтажа и Сервисни услуги за Epson LX350** | | | | **11,000.00** | | 10,887.18 | |
| | | | | **Вкупна цена без ДДВ** | | **Вкупно по е-аукција** | |
| **ВКУПНО ЗА ДЕЛ 3:** | | | | **39.00000** | | **38,600.00** | |